Уп. бр.08-71

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од СПИКА САС со регистрирано седиште на 23 плас де Кармс-Дешо 63000 Клермон-Феран, Франција, ФАУРЕЦИА ЕКЗОСТ ИНТЕРНАЦИОНАЛ со регистрирано седиште на 23-27 Авенија де Шамп Пиро, 92000 Нантер, Франција и ПСА Аутомобилес СА, со регистрирано седиште на 2-10 Булевар Европа, 78300 Поаси, Франција, преку адвокат Дејан Кнезовиќ од Адвокатско друштво Кнезовиќ и Соработници од Скопје, на седницата одржана на ден 17.05.2023 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која СПИКА САС со регистрирано седиште на 23 плас де Кармс-Дешо 63000 Клермон-Феран, Франција, ФАУРЕЦИА ЕКЗОСТ ИНТЕРНАЦИОНАЛ со регистрирано седиште на 23-27 Авенија де Шамп Пиро, 92000 Нантер, Франција и ПСА Аутомобилес СА, со регистрирано седиште на 2-10 Булевар Европа, 78300 Поаси, Франција стекнуваат заедничка контрола над Симбио САС со седиште на 5 улица Симон Веил, 69200 Венисие, Франција, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 20.04.2023, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше

доставено известување за концентрација од страна на СПИКА САС со регистрирано седиште на 23 плас де Кармс-Дешо 63000 Клермон-Феран, Франција, ФАУРЕЦИА ЕКЗОСТ ИНТЕРНАЦИОНАЛ со регистрирано седиште на 23-27 Авенија де Шамп Пиро, 92000 Нантер, Франција и ПСА Аутомобилес СА, со регистрирано седиште на 2-10 Булевар Европа, 78300 Поаси, Франција, со која СПИКА САС, ФАУРЕЦИА ЕКЗОСТ ИНТЕРНАЦИОНАЛ и ПСА Аутомобилес СА стекнуваат заедничка контрола над Симбио САС со седиште на 5 улица Симон Веил, 69200 Венисие, Франција.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**СПИКА САС** е поврзано друштво во целосна сопственост на Compagnie generale des Establissements Michelin (“CGEM”), холдинг компанија на Мишелин Групата која котира на Euronext берзата со кое сите поврзани друштва на Мишелин се директно или индиректно поврзани.

СПИКА САС не врши никакви оперативни активности во рамките на групацијата Мишелин, туку поседува други компании или инвестиции на Мишелин. Според тоа, СПИКА САС е чиста холдинг компанија.

Групацијата Мишелин е француски производител, активен во горното ниво на производство на гуми за автомобили, комбиња, камиони, возила за градски транспорт (автобуси, метро, трамвај), земјоделски машини, градежни машини, мотоцикли и скутери, велосипеди и авиони. Мишелин е активен во секторот за производство на гуми, како и во секторот за дистрибуција на гуми, преку продавници за малопродажба и онлајн мрежи.

Освен во секторот за гуми, Мишелин е активен и во други сектори, и тоа:

- Производи и услуги поврзани со патувања (Michelin Travel Partner, Michelin мапи и водичи, Via Michelin онлајн услуги),
- Управување со лиценците за брендот Мишелин, кои се користат од трети компании за додатоци за автомобили и велосипеди, спортска и рекреативна опрема и колекционерски предмети (Michelin Lifestyle),
- пазарите на подвижни ленти и
- Развој на горивни ќелии за развој на мобилност на водород, преку Symbio (претставен подолу) и распоредување и функционирање на инфраструктурата за производство на водород.

Мишелин Групацијата нема поврзани друштва, подружници или претставништва основани во Северна Македонија, но остварува приходи од продажба индиректно, главно преку продажба на нејзините производи преку независни дитрибутери.

**ФАУРЕЦИА ЕКЗОСТ ИНТЕРНАЦИОНАЛ** е во целосна сопственост на Фауреција СЕ, холдинг-компанија на групацијата Форвиа.

Групацијата Форвиа е групација за автомобилска технологија со седиште во Нантер, Франција. Со 291 фабрики, 76 центри за истражување и развој и 157.000 вработени во 43 земји, Форвиа е глобален лидер во автомобилската технологија. Форвиа ги опфаќа комплементарната технологија и индустриските предности на Фауреција и ХЕЛЛА, по преземањето од Фауреција СЕ на Хелла во 2022 година.

Фауреција СЕ, матичната компанија на Форвиа Групацијата, е европска компанија која котира на парискиот пазар Euronext и е компонента на индексот CAC Next 20.

Форвиа е француска групација која е активна на глобално ниво и која обезбедува решенија за автомобилската индустрија. Форвиа е организирана околу 6 стратешки бизниси:

- Форвиа седишта: развива и произведува системи за седишта кои ја оптимизираат удобноста и безбедноста на патниците и истовремено нудат врвен квалитет на своите клиенти.
- Форвиа интериери: развива и произведува целосни системи за интериери, вклучувајќи инструмент табли, панели на врати, централни конзоли, како и паметни површини и персонализирана удобност на климата во кабината и квалитет на воздухот.
- Forvia Clean Mobility: развива и произведува иновативни решенија за поттикнување на мобилноста и индустријата кон нула емисии. Нејзините решенија за квалитет на воздухот, енергетска ефикасност, акустични перформанси и електрификација на погонските агрегати ги задоволуваат потребите на сите типови на производители на возила, индустриски апликации и мотори со високи коњски сили.
- Forvia Electronics: развива и произведува инфозабава во возилото, HMI системи и услуги за поврзување на клиентите.
- Форвиа осветлување: дизајн и производство на технологии за осветлување, како што се предни светла, задни фарови, каросерија на автомобилот и внатрешно осветлување.
- Forvia Lifecycle Solutions: обезбедување решенија кои го продолжуваат животниот век на возилото, како и опремата на работилницата и специјалната оригинална опрема.

Форвиа Групацијата нема поврзани друштва, подружници или претставништва основани во Северна Македонија, но остварува приходи од продажба индиректно, главно преку продажба на нејзините производи на клиентите на оригиналните производители на опрема.

**ПСА Аутомобилес СА** е подружница во целосна сопственост на Стеллантис, водечки светски производител на автомобили и снабдувач на мобилност кој нуди чисти, поврзани, достапни и безбедни решенија за мобилност.

Стеллантис е холандска холдинг компанија на Стеллантис Групацијата („Стеллантис Групација“).

Стеллантис е создаден во јануари 2021 година, како резултат на спојувањето помеѓу Fiat Chrysler Automobiles N.V. („FCA“) и Peugeot S.A. („PSA“).

Стеллантис е главно производител на оригинална опрема и дилер на моторни возила, патнички автомобили  како и лесни комерцијални возила под брендовите Abarth, Alfa Romeo, Chrysler, Citroën, Dodge, DS, Fiat, Fiat Professional, Jeep, Lancia, Maserati, Opel, Peugeot, RAM и Vauxhall. Покрај тоа, Стеллантис, под брендот Free2Move, е снабдувач на решенија за мобилност.

Стеллантис Групацијата нема подружници, друштва или претставништва во Северна Македонија. Стеллантис Групацијата во Македонија генерира приход главно преку продажба на возила преку независни дистрибутери.

Создаден во 2010 година од Мишелин, **Симбио САС** е специјализиран за системи за водородни горивни ќелии и енергетски единици за горивни келии интегрирани во системите за водородни горивни ќелии за автомобилскиот сектор. Симбио САС е активен во дизајн инженерингот, развој, тестирање, производство, маркетинг и продажба на системи за водородни горивни ќелии и енергетски единици за горивни келии интегрирани во системите за водородни горивни ќелии за автомобилскиот сектор.

Симбио САС нема поврзани друштва, подружници или претставништва основани во Македонија и не генерира никаков приход во Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за

последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**